# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЦЕПРОСАРД ЗА 2019 ГОДИНА

CeProSARD

# СОДРЖИНА


1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И РАЗВОЈ ........ 2
2. ЦЕЛИ ........ 3
3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ........ 4
4. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2019 ........ 7
4.1 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ........ 7
4.2 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ ........ 9
4.3 ЕНЕРГИЈА И КЛИМА ........ 15
4.4 ЖИВОТНА СРЕДИНА ........ 23
5. КОМУНИКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ ........ 30
6. ОБУКИ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ........ 31
7. ВМРЕЖУВАЊЕ ........ 32
8. ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА ........ 32
9. ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА ........ 33
9.1 АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 33
9.2 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ ........ 33

# 1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И РАЗВОЈ

Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој (ЦеПроСАРД) е невладина, непартиска и непрофитна организација која дејствува на целата територија на земјата. Организацијата е основана во 2008 година на иницијатива на група граѓани – професионалци од областа на земјоделството и руралниот развој, заштитата на животната средина, техничките струки и економските науки, кои ја идентификуваа неопходноста од комплексни општествени промени во поддршка на зачувувањето на животната средина и ублажувањето на климатските промени, со фокус на одрживиот развој.

**Визија**

Визијата на ЦеПроСАРД е да бидеме професионален и сигурен партнер во креирањето и имплементацијата на политиките за постигнување на целите за одржлив развој на национално и локално ниво, како ефективен начин за да се направат трансформациски промени кои придонесуваат за создавање подобро општествено опкружување за идните генерации.

**Мисија**

Нашата мисија е изградба на инклузивно, одржливо и просперитетно општество преку активно вклучување на граѓаните во креирањето, имплементацијата и евалуацијата на јавните политики за одржлив раст и развој.

**Развој**

Стратешки цели на организацијата се: промовирање на инклузивно, партиципативно и репрезентативно планирање на одржливиот развој втемелено на меѓународните стандарди за човекови права; и промовирање на механизми за соработка и партнерство кои обезбедуваат ефективо учество на граѓаните во креирање, имплементација и евалуација на јавните политики за одржлив развој на национално и локално ниво.

## 2. ЦЕЛИ

Здружението на граѓани ЦеПроСАРД се стреми кон постигнување на следниве цели:

- подобрување на локалниот и на регионалниот развој во земјата;
- промоција и воведување на одржливи практики во развојот на руралните области и во развојот на земјоделството и производството на храна;
- промовирање на можностите за искористување на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност секаде каде што е тоа возможно;
- заштита на животната средина во согласност со начелата на одржлив развој;
- заштита на природата;
- митигација и адаптација кон климатските промени и нивното намалување;
- зачувување на културното наследство;
- интегрирање на трансверзалните теми на родови прашања, ранливи и маргинализирани групи, лица со посебни потреби во сите области на нашето делување.

## 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ

Здружението „Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој“ (ЦеПроСАРД) од Скопје дејствува преку следниве органи:

3.1. Собрание
3.2. Извршен одбор
3.3. Надзорен одбор
3.4. Советодавно тело
3.5. Извршен директор

**Организациска шема на ЦеПроСАРД**



## Собрание

Собранието го сочинуваат **дваесет и четири члена**. Членовите дејствуваат како активни, придружни и почесни членови.

### Извршен одбор

Извршниот одбор, како извршен орган составен од активните членови на здружението, во 2019 година работеше во состав:

- м-р Светлана Петровска, Извршен директор;
- м-р Гордана Пецељ, Директор за финансии и администрација;
- дипл. инж. арх. Ивана Петкановска, Програмски директор.

### Советодавно тело

Советодавното тело е избрано од редот на експерти од соодветните области, како стручна помош за тековното работење на здружението.

### Надзорен одбор

Надзорниот одбор како орган на Собранието е составен од тројца активни членови:

- д-р Марина Филипоска, област агробизнис и рурален развој;
- Љупка Глигорова, дипл. инженер за заштита на животна средина;
- Ангелика Ѓоргон, дипл. инж. архитект

### Извршен директор

Извршниот директор на ЦеПроСАРД, м-р Светлана Петровска, заедно со тимот во извршната канцеларија во 2019 година учествуваше во реализацијата на одлуките на Собранието Во согласност со одлуките на Извршниот одбор, екипираше тим, кој работи континуирано на изработка на проектна документација за проекти на национално и регионално ниво. Во овој тим беа вклучени:

- м-р Светлана Петровска, дипл. град. инженер;
- м-р Гордана Пецељ, дипл. економист;
- Ивана Петкановска, дипл. инж. архитект;
- д-р Марина Филипоска, област агробизнис и рурален развој;
- Теа Тевева, дипломиран економист, сектор маркетинг

**Извршна канцеларија**

ЦеПроСАРД во 2019 година работеше со седум редовно вработени лица и тоа: магистер од областа на животната средина, двајца економисти, тројца архитекти и еден градежен инженер. Покрај тоа, во текот на изминатата година согласно потебите беа ангажирани и голем број надворешни соработници, како поединци или стручни тимови на експерти, во зависност од тековните и планираните активности и проекти. Реализацијата на задачите се спроведува согласно следната структура по сектори:

i. **Сектор за заштита на животната средина, раководител м-р Светлана Петровска**
   - одделение за природа;
   - одделение води и отпад;
   - одделение за индустриско загадување и ризик.

ii. **Сектор за енергија и клима – раководител, Ивана Петкановска, дипл. инж. арх.**
   - одделение за енергетска ефикасност;
   - одделение за обновливи извори на енергија;
   - одделение за енергетска контрола.

iii. **Сектор за локален развој – раководител, Ивана Петкановска, дипл. инж. арх.**
   - одделение за претприемништво;
   - одделение за културно наследство;
   - одделение за туризам.

iv. **Сектор земјоделство и рурален развој – раководител д-р Марина Филипоска**
   - одделение за земјоделство;
   - одделение за рурален развој.

v. **Сектор за социјална кохезија – раководител, м-р Светлана Петровска**
   - одделение за родова еднаквост;
   - одделение за поддршка на лица со посебни потреби;
   - одделение за поддршка и вклучување на млади и поттикување на волонтерство.

vi. **Финансии и дминистрација – раководител, м-р Гордана Пецељ, економсист**
   - одделение за финансиско управување;
   - одделение за администраттивни работи и човечки ресурси.

vii. **Комуникација и информирање – раководител, Теа Тевева, економсист**

ЦеПроСАРД во 2019 година работеше на реализација на повеќе проекти и како консултант на приватниот и јавниот сектор.

# 4. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2019

## 4.1 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

### Проект BULDLAG - Зајакнување на јавното приватно партнерство преку функционирање на Локални Акциски Групи (ЛАГ) за одржлив рурален развој

**Опис на проектот:** ЦеПроСАРД од 19.12.2017 година започна со спроведување на проектот Билдлаг, кој е финансиран од Европска Унија. Во рамки на проектот се работеше на градење на капацитети и формирање на нова Локална Акциска Група (ЛАГ) што е во согласност со процесите на интеграција на земјата во ЕУ. Цел на проектот е да го зајакне јавното приватно партнерство помеѓу рурални невладини организации, бизнис асоцијациите и локалните власти и на тој начин да овозможи одржлив рурален развој. Целна група на проектот беа невладините организации, бизнис асоцијациите и локалните власти во Полошкиот плански регион. Проектот започна во декември 2017 и заврши во јуни 2019 година. Во 2018 година голем дел од предвидените активности беа реализирани и тоа: изработен беше комуникациски план, креирани се документи лого, банер и меморандум на проект, кои беа одобрени од мониторинг тимот од ЕУ, Генерален секретаријат и ЦФЦД; назначен беше управувачки комитет со пет членови (Центарот за развој на Полошкиот регион, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, Федерацијата на Фармери, Факултетот за земјоделски науки и храна и Стопанска комора на Република Северна Македонија); одржан е информативен настан и три округли маси за граѓанските организации, општините и бизнис секторот во Полошкиот плански регион; изработена е веб страница за проектот https://buildlag.mk/ на која активно се поставуваат сите проектни настани, која по завршување на проектот беше отстапена на ЛАГ-от; организирана е наменска работилница за ЛИДЕР програмата за потребите на граѓанските организации; реализирана е студиска посета во Гранада - Шпанија за пренесување на искуството од партнерската организација - асоцијацијата на млади фармери Асаја Гранада од Шпанија на сите чинители во новоформираниот ЛАГ; беа подготвени документите за правна регистрација на ЛАГ-от. Со користење на алатките за промоција на проектот тимот на ЦеПроСАРД работеше на подигање на јавната свест за предностите на формирање на ЛАГ-ови на промоција на европските практики и интегрирана политика на ЕУ. Вклучувањето на сите засегнати

чинители во проектот овозможува развој и нивно унапредување, поттикнува партнерства за заеднички активности и значи придонес кон глобалните процеси во оваа област.

**Специфични цели:**

- Да се зголеми знаењето и да се зајакнат капацитетите на граѓанското општество и локалните власти за одржливо функционирање на ЛАГ преку пренесување на искуството и најдобрите практики на ЕУ;
- Да се воспостави функционално партнерство меѓу граѓанското општество и локалните власти во ново формиран ЛАГ;
- Да се обезбедат препораки за политики за промовирање на ЛАГ и придобивките од здружување во нив;
- Да се подигне јавната свест за предностите на формирање на ЛАГ и да се промовираат европските практики и интегрирана политика на ЕУ.

**Активности:**

- Обука на ГО за нивно значење во ЛАГ;
- Студиска посета на ЛАГ во ЕУ;
- Воспоставување на ЛАГ во Полошкиот плански регион;
- Развој на интегрирана стратегија и акционен план на новоформираниот ЛАГ;
- Обезбедување на препораки за политики;
- Развој на веб-страница за проектот, која ќе продолжи да биде во функција како веб страна на новоформираниот ЛАГ во ППР.

**Резултати:**

- Зголемена свест кај чинителите во ППР за здружување и функционирање на ЛАГ-ви;
- Формирање на ЛАГ во ППР;
- Доставени препораки за политики за промовирање на ЛАГ и придобивките од здружување во нив;
- Подигната јавна свест кај граганските организации, бизнис секторот и ЕЛС за предностите на формирање на ЛАГ и да се промовираат европските практики и интегрирана политика на ЕУ.

**<u>Целна група на проектот се:</u>** македонските рурални невладини организации, локалните и националните власти, руралните заедници и руралните жители.

**<u>Координатор на проектот:</u>** ЦеПроСАРД

**<u>Времетраење:</u>** од декември 2017 до јуни 2019.

**<u>Партнери:</u>** ЛАГ Уна - Хрватска и Асоцијацијата на млади фармери Асаја Гранада - Шпанија

**<u>Проектот е финансиран од:</u>** ЕУ, преку CFCD програмата на Министерство за финансии

**<u>Линк до веб страната на проектот:</u>** https://buildlag.mk/

**<u>Промоција на проектните активности:</u>**
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=442
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=445
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=447
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=464
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=466
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=471
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=469
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=475





Изработка на стратегија и акциски план на ЛАГ Полог Лидер, 05.05.2019 година




Завршен настан на проект, 05.06.2019 година

## 4.2 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

## Проект: Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри FRET-STIC

**Опис на проектот:** Главна цел на проектот е развој, промоција и промоција на локалниот и регионалниот туризам преку иновативни пристапи и системи за подобрување на руралното и еколошкото искуство. Целта ќе се постигне преку креирање на стратешки алатки кои ќе овозможат подобро разбирање на барањата на посетителите, истовремено служејќи како механизми за зајакната регионална соработка помеѓу различни аспекти на индустријата, владините институции, бизнис секторот и граѓанските организации. Тоа ќе резултира со зголемување на туристичкиот потенцијал, прилагоден на потребите на целните групи. Дополнително, проектот ќе овозможи создавање на поволно опкружување за стратешки пристап и бенефит не само од националните и регионалните пазари, туку и од новите меѓународни пазари во туристичката индустрија.

**Специфични цели:**

- Воспоставување на вмрежени, паметни Туристички информативни центри (STIC-ови), кои можат да собираат, користат и создаваат информации за туристичките потенцијали во регионот на Шара;
- Подобро разбирање и презентација на туристичките потенцијали на прекуграничниот регион, со употреба на современи е-системи и меѓусебна соработка.

**Активности:**

- Просторно позиционирање и изградба на два STIC-ови – во Тетово и Призрен, како и трансформација на 2 TIC-а во паметни (Smart) TIC-ови – на Попова Шапка и во Призрен;
- Дизајнирање стандардизирани бизнис процеси и тренинг програми – за подобро разбирање на потребите на туристите и обезбедување соодветна услуга;
- Дигитално мапирање на инфраструктура и настани поврзани со руралниот туризам во прекуграничниот регион на Шара од двете страни на границата;
- Креирање промотивни материјали за промовирање на проектните активности и резултати;

- Заеднички прекугранични настани за консултации со клучните чинители од регионот, како и за споделување и промоција на резултатите од активноста.

**Очекувани резултати на проектот:**

- Вмрежени, паметни туристички информативни центри (STIC-ови) поврзани со заедничка платформа базирана на стандардизирани бизнис процеси и на постојни концепти за туристички информациони системи (TIS);
- Бизнис процеси дизајнирани за ефективно и ефикасно опслужување на туристите преку STIC-овите, како и за собирање податоци за нивното однесување и преференции. Обучен персонал од регионот од двете земји за да работи во STIC-овите;
- Креирана дигитална матрица на мапираната туристичка инфраструктура и настани во регионот на Шара, вклучувајќи означени/неозначени пешачки патеки, сигнализација, сместување, ресторани, други значајни туристички локалитети и настани. Дигиталната матрица ќе биде користена на интер-регионалната туристичка онлајн платформа (iTOP) за создавање туристички производи за прекуграничниот регион;
- Подготвени материјали со содржина со која ќе се промовира прекуграничниот туризам во регионот на Шара;
- Обучен пресонал од туристичките информативни центри, за паметно опслужување/собирање податоци за преференциите на туристите, како и за туристичките продукти креирани од матрицата.

**Целна група на проектот се:** општините, владините агенции надлежни за регионален развој, туризам и култура; граѓанските организации; малите и средни претпријатија; кластери за туризам; стопанската комора и туристички информативни центри.

**Координатор на проектот:** ЦеПроСАРД

**Времетраење:** 16 мај 2018 – 15 мај 2020 (продолжен до 15 септември).

**Партнери во проектот:** Општина Тетово и Regional Development Agency South, Косово

**Проектот е финансиран од:** Европска Унија

**Промоција на проектните активности:**

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=397
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=401

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=405
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=406
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=409
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=413
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=416
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=437
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=443
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=446
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=450
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=452
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=461
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=486
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=493
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=500
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=502




Конструкција на паметен туристички информативен центар, Скопје, април 2019 година




Втор консултативен состанок на чинителите од прекуграничниот регион на Шара, одржан во НБ хотел и спа во Тетово, на 27 ноември, 2019 година

## Проект за подобрување на општинските услуги (МСИП)

**<u>Опис на проектот:</u>** Тимот на ЦеПроСАРД 2019 година продолжи со подготовка на документи за оценка на проектите на општините во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП); Изготвување на физибилити студии за изградба на инфраструктурни проекти како што се фекална канализација кон постоечка пречистителна станица во рурална средина, изградба и реконструкција на градинки, изградба на локални патишта. Изработени во 2019 година беа физибилити студии за следните општини:

- Документ за оценка на проектите за "Конструкција на канализациона мрежа и пречистителна станица за населено место Јурумлери, општина Гази Баба" усвоен документ во јануари 2019;
- Документ за оценка на проектот "Реконструкција на локални улици во општина Кисела Вода" усвоен документ во март 2019;
- Документ за оценка на проектот „ Реконструкцијата на водоводна мрежа на улица Тито Велешка и реконструкција на градинка Пепелашка во општина Центар" усвоен документ во април 2019;
- Документ за оценка на проектот „Реконструкција и подобрување на локални улици во Општина Шуто Оризари" усвоен документ во април 2019.




Општина Центар, улица Тито Велешка, реконструкција на водовод, 2019




Фокус групи организитани со советници и граѓани во општина Центар, 2019

**Координатор на проектот:**

Тимот на МСИП проектот во рамки на Министерство за Финансии

**Партнери во проектот:** Министерство за финансии; Единиците на локалната самоуправа.

**Целна група:**

Единиците на локалната самоуправа

**Период на спроведување:**

Прва фаза: 2014 – 2017 година

**Проектот е финансиран од:** Светска Банка

## 4.3 ЕНЕРГИЈА И КЛИМА

### Проект: ZenH Balkan - Кон нула енергетски болници во Балканскиот регион

**Опис на проектот:** Тимот на ЦеПроСАРД во декември 2017 година, во рамки на BalkanMed програмата започна со реализација на проектот Towards Zero energy Hospitals in the Balkan Region (ZenH Balkan) – Болници на Балканот со енергија близу до нула. Проектот има за цел да ја олесни имплементацијата на ревидираната директива за енергетски карактеристики на згради (Energy Performance of Buildings Directive - EPBD) преку дефинирање на карактеристики и стандарди за нулта енергетски болници во регионот на Јужен Балкан. Проектот ќе придонесе кон подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор преку подобрување на енергетската ефикасност на болниците. Болничките згради се сметаат за комплексни системи бидејќи поседуваат неколку енергетски интензивни функции (системи на греење и ладење кои треба да обезбедат строги услови на комфор, висока побарувачка за топла вода и сл.).

**Специфични цели:**

- Дефинирање на модел на зграда со енергија близу до нула за специфични регионални климатски услови;
- Подготовка на технички упатства за згради со енергија близу до нула за управата и техничкиот персонал на болницата;
- Демонстрирање на техничка одржливост на зградите со енергија близу до нула и нивната профитабилност;
- Унапредување на квалитетот на податоците за болничките згради во постојната база за згради;
- Поддршка за градење капацитет на техничкиот персонал на болниците за згради со енергија близу до нула (ZEN) во јавниот и приватниот сектор;
- Унапредување на научните сознанија за зградите и болниците со енергија близу до нула на ниво на Европа;
- Информирање на јавноста за претстојните прописи за јавни и приватни згради со енергија близу до нула;

- Поддршка во процесот на донесување одлуки за применливи технологии за болниците на регионално ниво и во процесот на воспоставување на национални политики за реновирање во постојните градежни објекти.

**Очекувани резултати:**

- Подготовка на стандарди и упатства за ЕЕ на болници за ZenH;
- Подобрување на техничкиот капацитет на професионалните групи и владините службеници кон концептот на ЕЕ објекти;
- Подготоа на детална анализа и тестирање на поставените моделите за подобрување на 3 болнички згради во близу до нула енергетски згради - NZEB кои ќе бидат подготвени да бараат финансиски сретства за имплементација на мерките.

**Активности:**

Проектот ги вклучува сите 5 земји опфатени со BalkanMed програмата, а активности се распределени во секоја земја. Прелиминарните - кратки енергетски контроли ќе се спроведуваат во различни климатски подрачја во 5-те земји, при што партнерите од ЕУ ќе се фокусираат претежно во болниците лоцирани во урбаните средини, додека партнерите од ИПА земјите ќе се фокусираат на здравствените установи лоцирани во помалите заедници. Истиот пристап ќе се примени и за стандардните енергетски контроли. Во 2018 година тимот на ЦеПроСАРД во соработка со Министерството за здравство на Република Северна Македонија ги избра болниците во кои ќе се врши енергетска контрола. Што се однесува до болниците кои ќе се користат како демостративни студии на случај, тие ќе бидат избрани врз основа на најголем потенцијал, а не врз основа на регионални параметри. Техничкото упатство кое ќе биде резултат на соработката на тимовите за спроведување на енергетски контроли во сите земји за болници близу до нула ќе биде применливо за целиот регион на Југоисточна Европа, бидејќи климатските карактеристики и градежните практики се речиси идентични во сите земјие кои директно се поддржани од BalkanMed програмата. Од планираните 5 обуки за градење капацитети на техничкиот персонал на болниците во текот на 2018 гоидина одржана беа три обуки а na 11.06.2019 се одржа обуката на тема:

- Конгенерација, геотермална енергија и системи на биомаса во згради;

Материијалот од обуките ќе биде достапен на веб страна на проектот и на BalkanMed програмата.

Со проектот се планирани и 5 состаноци меѓу партнерите кои ќе бидат организирани во Ксанти (2), Тирана, Софија и Скопје. Во текот на 2018 година одржани беа 3 координативни состаноци а на 12.06.2019 се одржа четвртиот состанокот во Тирана.

Во завршната фаза на проектот ќе се организра меѓународната конференција на која домаќин ќе биде Универзитетот од Ксанти но учество ќе земат и експерти од цела Европа. Меѓународната конференција и публикации издадени во меѓунатродните списанијата ќе го прошират досегот на проектот.

**Целна група:** Професионалните групи за ЕЕ и владините службеници

**Координатор на проектот:** Democritus University of Thrace, Department of Environmental Engineering

**Покрај CeProSARD партнери на проектот се и**:

1. Albaforest - Centre for Forest Studies and Consulting, Albania
2. Sofia Energy Centre Ltd, Bulgaria
3. The Cyprus Institute Ltd, Cyprus

**Проектот е финансиран од:** Европска унија преку Секретаријатот на Европската комисија, проект INTERREG, Солун - Грција

**Период на спроведување:** декември 2017 – септември 2020 година;

**Промоција на проектните активности:**

https://www.cyi.ac.cy/index.php/eewrc/research-information/ongoing-research-projects/zenh-balkan-towards-zero-energy-hospitals-in-the-balkan-region.htm

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=364

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=367

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=374

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=390

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=412

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=414

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=430

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=431

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=465

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=467

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=468

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=490

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=511

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=514





Обука на тема „Конгенерација, геотермална енергија и системи на биомаса во згради” во Тирана, 12.06.2019 година

## Проект: Посилна граѓанска поддршка за ефикасна апликација на политиките од областа на енергетиката во процесот на пристапување кон ЕУ

**Опис на проектот:** Целта на проектот е да се зајакне активното учество и ангажманот на граѓанскиот сектор во спроведување активности што се од јавен интерес, а кои ќе придонесат во процесот на пристапување на земјата во ЕУ.

**Специфична цел:** зајакнување на капацитетите и позицијата на ГО за соработка со сите релевантни чинители поврзани со спроведувањето на енергетските политики во земјата.

**Очекувани резултати:**

- Зајакнати капацитети на ГО за следење, лобирање и учество во процесите поврзани со имплементацијата на клучните реформи во енергетскиот сектор;
- Подготвени препораки за имплементација на политиките во областа на енергетиката со фокус на ЕЕ и ОИЕ;
- Зајакната свест и соработка помеѓу клучните чинители.

**Активности:**

- Организирање обука за ГО за зајакнување на нивните капацитети за следење, лобирање и учество во процесите поврзани со имплементацијата на политиките од областа на енергетиката;
- Подготовка на препораки за имплементацијата на политиките во енергетскиот сектор со фокус на ОИЕ и ЕЕ;
- Организирање промотивна и кампања за подигање на јавната свест.

**Целна група:** ГО кои работат во областа на животната средина со фокус на енергетиката
**Координатор на проектот:** ЦеПроСАРД
**Проектот се спроведува** со грант од (Sida) преку проектот „Нордиска поддршка за прогрес на Северна Македонија“ кој го спроведува УНОПС (United Nations Office for Project Services)
**Период на спроведување:** Декември 2019 – Септември 2020
**Промоција на проектните активности:**
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=507

## ПРОЕКТ: Енергетска контрола и Физибилити студија за подобрување на енергетските и работните карактеристики на Алуминка доoел, Скопје

**<u>Опис на проектот:</u>** Компанијата Алуминка од Скопје, кој се занимава со производство на на алуминиум и ПВЦ столарија, како и изработка на челични конструкции и производи од стакло, планира да инвестира во изградба на дополнителна енергетски ефикасна производна единица и купување на нова поефикасна производна линија за нов производ на пазарот. Подобрените енергетски карактеристики на производниот и административниот објект ќе резултираат со подобри работни услови и ќе и овозможат на компанијата подобри услови за да ги нуди своите услуги во текот на целата година. Целта на проектот е да се подобрат енергетските и работните карактеристики на објектите со цел да се зајакне пазарна позиција на компанијата.

**<u>Специфични цели:</u>**

- Проценка на енергетските карактеристики на објектите и/или индустриските процеси;
- Идентификување на препораки и мерки за заштеда на енергија;
- Подобрување на усогласеноста со животната средина и намалување на штетното влијанието врз животната средина.

**<u>Резултати:</u>**

**Фаза 1 – Собирање и анализа на податоци**

- Извештај од спроведена енергетска контрола (со вклучени ЕЕ мерки)
- Анализа за емисии на $CO_2$ како последица од потрошувачката на енергија

**Фаза 2. Собирање и анализа на податоци**

- Изработена физибилити студија
- Корпоративна политика за управување со енергија

**<u>Активности:</u>**

**Фаза 1. Собирање и анализа на податоци**

- Собирање и анализа на податоци;
- Ревизија на постоечките објекти, инфраструктура, процеси и опрема;
- Проценка на корисниците на примарна енергија и нивниот удел во потрошувачката на енергија;

- Анализи на влијанието врз животната средина;
- Финансиска анализа на сценарија и елаборирање на заклучоци и препораки;
- Предлог мерки за ЕЕ со различни сценарија.

**Фаза 2. Собирање и анализа на податоци**

- Припрема на физибилити студија

  Техничка евалуација (параметри на податоци, просторни и градежни барања, симулација на потрошувачка на енергија); економска евалуација (инвестициски трошоци, оперативни трошоци, финансиски можности); и евалуација на животната средина (сегашните и идните извори на енергија, емисии и други влијанија врз животната средина како бучава);
- Корпоративна политика за управување со енергијата.

**Целна група:** бизнис сектор

**Координатор на проектот:** ЦеПроСАРД

**Проектот е имплементиран** со поддршка на EBRD BAS програмата

**Период на спроведување:** Август – Ноември 2019

**Промоција на проектните активности:** http://m.ceprosard.org.mk/





Примопредавање на работите, Алуминка, 14.11.2019

**Проект: Енергетска контрола и Физибилити студија за подобрување на енергетските перформанси и животната средина за Дигитал центар, Скопје**

**<u>Опис на проектот:</u>** Компанијата Дигитал центар од Скопје, се занимава со графички дизајн и печатење на големи формати – 2Д и 3Д светлечки и несветлечки реклами, производи од плексиглас, алуминиум, Алко бонд, Стирофом како и големи формати на ПВЦ принтови. Компанијата планира да инвестира во неколку сегменти со цел да го унапреди своето работење и тоа: воведување на нова производна линија за директно печатење на материјали, со што ќе се елиминира употребата на ПВЦ фолија и ќе се минимизира отпадот од ПВЦ. Поради големата употреба на големи количества на растворувачи и адитиви, испарливите органски материи кои се ослободуваат во процесот на печатење влијаат на намалување на квалитетот на воздухот во работните простории и потребно решение за оптимизиран третман на издувниот воздух со инсталирање на соодветен систем за вентилација. Инвестициите во енергетска ефикасност и обновливи извори исто така се поставени како висок приоритет во агендата за инвестирање на компанијата. Главната цел на овој консултантски проект е да се подобри ефикасноста на ресурсите.

**<u>Специфични цели:</u>**

- Идентификување на препораки и мерки за заштеда на енергија;
- Воведување на технологии за обновливи извори на енергија;
- Намалување на трошоците за енергија и подобрување на ЕЕ;
- Подобрување на влијанието врз животната средина.

**<u>Очекувани резултати:</u>**

**Фаза 1. Енергетска контрола**

- Извештај од спроведена енергетска контрола (со вклучени ЕЕ мерки)
- Анализа за емисии на $CO_2$ како последица од потрошувачката на енергија

**Фаза 2. Физибилити студија**

- Изработена физибилити студија

**Фаза 3. Енергетска политика**

- Корпоративна политика за управување со енергија

**<u>Активности:</u>**

**Фаза 1. Енергетска контрола**

- Собирање на податоци и анализи;

– Ревизија на постојните згради, инфраструктура, процеси и опрема;
– Воспоставување на почетна потрошувачка на енергија;
– Анализи на влијанието врз животната средина во однос на емисијата на $CO2$; и
– Воведување мерки за ЕЕ и ОИЕ со анализи на трошоци и придобивки.

**Фаза 2. Физибиилити студија**

– Развој на технички аспекти (параметри на податоци, просторни и градежни барања, симулација на употреба на енергија) на физибилити студијата;
– Развој на финансиско-економски аспекти (инвестициски трошоци, оперативни трошоци, финансиски можности, заштеди, периоди на поврат, нето сегашна вредност, итн.) на физибилити студијата; и
– Развој на аспекти на заштита на животната средина (сегашни и идни извори на енергија, емисии, квалитет на воздухот во затворен простор, управување со отпад, третман на отпадни води и други влијанија врз животната средина).

**Фаза 3. Енергетска политика**

– Креирање на корпоративна политика за управување со енергија.

**Целна група:** бизнис сектор
**Координатор на проектот:** ЦеПроСАРД
**Проектот е имплементиран** со поддршка на EBRD BAS програмата
**Период на спроведување:** ноември 2019 – април 2020 година
**Промоција на проектните активности:** http://m.ceprosard.org.mk/

## 4.4 ЖИВОТНА СРЕДИНА

### Проект: Поддршка за подобро управување со природните ресурси во Националниот парк „Пелистер“

**Опис на проектот:** Целта на проектот е „да обезбеди техничка поддршка за подобро управување со НП „Пелистер“, вклучувајќи мониторинг и одржливо користење на ресурсите“.

**Специфични цели:**

- Востоставување на систем за мониторинг на крупни месојади во НП Пелистер во согласност со националното законодавство и барањата на ЕУ;
- Подобрување на планинскиот туризам;
- Проценка на потенцијалот за екосистемски услуги поврзани со вода.

**Резултати:**

- Воспоставен оперативен систем за мониторинг на крупни месојади: кафеава мечка (Ursus arctos), рис (Lynx lynx) и волк (Canis lupus);
- Ревитализирани и обележани две велосипедски планински патеки во НП Пелистер;
- Изготвена Физибилити студија за водата како екосистемска услуга во НП Пелистер.

**Активности:**

- Мониторинг и заштита на крупни месојади: кафеава мечка (Ursus arctos), рис (Lynx lynx) и волк (Canis lupus) како клучни видови според Анекс II од Директивата на ЕУ за живеалишта во Националниот парк „Пелистер" - во 2018 година поставени се 10 камери за мониторинг на дивите животни и одржана е обука на ренџерите во Националниот Парк Пелистер;
- Расчистување и обележување на две планински велосипедски патеки на територијата на паркот;
- Изработка на Физибилити студија екосистемска услуга од водата во НП Пелистер.

**Целна група:** локалните жители, бизнис секторот, локалните власти, националните институции, администрацијата на Националниот парк Пелистер, јавните претпријатија и граѓанските организации

**Координатор на проектот:** ЦеПроСАРД

**<u>Период на спроведување:</u>** мај 2018 - август 2019

**<u>Проектот е финансиран од</u>** Европската унија, а се спроведува со поддршка на УНДП и Министерството за животна средина и просторно планирање

**<u>Промоција на проектните активности:</u>**

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=376
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=396
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=403
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=429
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=436
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=455
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=463
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=470
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=480
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=481
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=482
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=483



Ревитализација и обележување на велосипедски патеки во НП Пелистер, јули 2019





Мониторинг на животни во Национален Парк Пелистер, 2019 година





Обука на ренџерите во Битола, 12.07.2019 година

## Проект: Чиста енергија, за чист воздух

**Опис на проектот:** Целта на проектот е да се придонесе за одржлив развојот на Скопскиот Плански Регион преку примена на најдобрите практики за зачувување на животната средина со фокус на намалување на аерозагадувањето, преку развивање на одржливи практики за спроведување на енергетска ефикасност на објекти и користење на чиста енергија и обновливи извори на енергија. Со тоа ќе се придонесе за создавање на квалитетна и здрава животна околина за идните генерации.

**Специфични цели:**

– Потпишани меморандуми за соработка на ЦеПроСАРД со локални актери од Скопскиот плански регион за развивање идни заеднички активности за зачувување на здрава животна средина за идните генерации;
– Дисеминација на заклучоци и препораки од тркалезна маса на тема „Состојби, предизвици и перспективи за решавање на проблемите со аерозагадувањето во СПР - Предлози";
– Изработен Водич „Чиста енергија за чист воздух" со мерки за намалување на аерозагадувањето преку управување со енергија во домаќинствата;
– Обучени ученици од средните училишта на СПР за теми поврзани со намалување на аерозагадувањето со користење на чиста енергија за греење во домовите и примена на ЕЕ;
– Подигната јавна свест преку спрведена кампања „Чиста енергија за чист воздух", со користење на современи комуникациски продукти – дигитален маркетинг;
– Вмрежени главни актери (институции, општини, средни училишта и граѓански организации) за заедничко намалување на аерозагадувањето преку користење на чиста енергија и подобрување на енергетската ефикасност (ЕЕ) во домаќинствата во Скопскиот плански регион.

**Активности:**

– Спроведување на Тркалезна маса „Состојби, предизвици и перспективи за решавање на проблемите со аерозагадувањето во СПР - Предлози";
– Изработката на Водич „Чиста енергија за чист воздух" ;

- Спроведување на настава со часови за намалување на аерозагадувањето преку подобрување на ЕЕ и користење на ОИЕ во три средни училиштата во СПР;
- Спроведување на кампања „Чиста енергија за чист воздух" со користење на инструментите на дигиталниот маркетинг;
- Организација на завршен настан со учество на клучните актери за решавање на проблемот со аерозагадувањето и примената на ЕЕ и ОИЕ во државата.

**Резултати:**

- Потпишани меморандуми (најмалку 10) за соработка на ЦеПроСАРД со локални институции, средни училишта и граѓански организации кои се лоцирани и работат на подрачјето на Скопскиот плански регион за развивање идни заеднички активности за зачувување на здрава животна средина и поволно социјално и економско опкружување за идните генерации;
- Заклучоци и препораки од одржаната тркалезна маса „Состојби, предизвици и перспективи за решавање на проблемите со аерозагадувањето во СПР - Предлози" за тоа какви и кои мерки ќе бидат имплементирани во наредниот период преку кои ќе бидат зајакнати капацитети на граѓаните за поголема примена на мерките за ЕЕ во домовите и користењето на чиста енергија;
- Подготвен и објавен Водич за „Чиста енергија за чист воздух";
- Спроведена настава со часови за значењето на подобрувањето на ЕЕ и користењето на чиста енергија за намалување на аерозагадувањето во три средни училишта од кои барем едно со техничка струки (електротехничка, машинска и градежно-геодетска);
- Изработен маркетинг план и спроведена онлајн дигитална маркетинг кампања под мотото „Чиста енергија за чист воздух";
- Одржан завршен настан и потпишан меморандум за вмрежување на сите клучни чинители кои делуваат во областа за намалување на аерозагадувањето. Создадена мрежа на клучните чинители во СПР кои ќе развиваат идни заеднички активности за намалување на аерозагадувањето и развивање на проекти за подобрување на ЕЕ и користење на ОИЕ, а со тоа пренесување на поволно социјално и економско опкружување за идните генерации.

**Целна група:**

- Населението на СПР, жителите на градот Скопје и македонската јавност;
- Македонските и европските институции за заштита на животната средина;
- Локалните и националните авторитети.

**Координатор на проектот:** ЦеПроСАРД

**Период на спроведување:** октомври 2019 – март 2020

**Проектот е финансиран од:** Влада на Република Северна Македонија

**Промоција на проектните активности:**

http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=494
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=497
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=498
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=501
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=494
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=497
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=498
http://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=501





Информативни состаноци со општините Шуто Оризари и Карпош, ноември 2019 година



Информативен состанок општина Бутел, ноември 2019 год.



Информативен состанок со Ресурсен центар за животна средина (РЕЦ), 02.12.2019 год.

## 5. КОМУНИКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Информации за своите активности и проекти ЦеПроСАРД ги објавува на редовно на својата веб страна www.ceprosard,org.mk и профилите на организацијата на социјалните медиуми www.facebook.com/CeProSARD/. Организацијата издава и електронски билтен на квартално ниво, кој се дистрибуира електронски на голем број корисници. Сите броеви на електронскиот билтен се достапни и на веб страната на организацијата, исто како и сие документи, публикации и промотивни материјали кои се изработуваат во рамки на тековните активност. Во зависност од потребите, информации се објавуваат и во печатените и во електронските медиуми, како и на веб-страниците на други домашни и странски организации, владини институции и невладини органицации и сл.

Информации за активностите и проектите на ЦеПроСАРД објавуваа голем број медиуми со што се постигнуваше исклучително висока информираност на целните групи и крајните корисници. Освен националните и локалните телевизии, радијата, печатените и електронските медиуми, информации беа објавувани и на веб страните на институциите, социјалните мрежи на партнерските организации и соработниците, а истите во најголем број случаи беа споделувани и од осстанати корисници.




https://www.facebook.com/watch/?v=778081762387843



https://apla.mk/index.php/denes/item/1854-srna-na-utrinska-proshetka-niz-prviot-sneg-na-pelister

# 6. ОБУКИ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во 2019 година, тимот на ЦеПроСАРД работеше на сопственото зајакнување на капацитетите со тоа што вработените во ЗГ ЦеПроСАРД работеа на своето усовршување во областа во која работи и активно учествуваа на обуките:

- Обука за работно познавање на Архуската конвенција (12-14.04.2019, Охрид), Александар Авросиевски
- Обука за зајакнување на капацитетите на претставниците на ГО за раководење со проектен циклус (РПЦ) и фазите на проектниот циклус (28-30.06.2019, Струмица) Александар Авросиевски
- Обука за зајакнување на капацитетите на претставниците на ГО за подготовка на предлог проекти/проектни апликации (27-29.09.2019, Струмица), Александар Авросиевски
- Модул 1 - Екосистемски услуги и поврзани концепти во рамки на компонентата за зајакнување на капацитетите на заинтересираните страни – Програма за зачувување на природата во Северна Македонија, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а координиран од Фармахем (27-30.01.2019, Берово), Силвана Ристевска
- Сеопфатно осигурување - Inclusive insurance, Регионална конференција, Скопје, 28.02.2019, Гордана Пецељ
- Здравствено осигурување, Кроациа Загреб, 9-10.10.2019, Гордана Пецељ
- Проценка на ризици, Кроациа Загреб, 25-26.11.2019, Гордана Пецељ

## 7. ВМРЕЖУВАЊЕ

**Вмрежување на локално и на меѓународно ниво**

- Мрежа за рурален развој на Република Македонија
- Здружение на лиценцирани енергетски контролори
- Forum Synergies
- ARC 2020
- Мрежа на еко села на Балканот (МЕБ)
- Балканска мрежа за застапување при управување со е-отпадот
- Коалиција „Натура 2000“
- Национална мрежа – „Климатски одговор“
- Avalon Network
- Коалиција – „Екологијата приоритет“
- Мрежа на иницијативи на граѓанските организации за животна средина

## 8. ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА

ЦеПроСАРД работи на креирање мрежа од актери во областите во кои работи на локално, регионално и меѓународно ниво. Таа вклучува владини институции, невладини организации, кооперативи, претставници од приватниот сектор и индивидуалци. Организацијата се стреми континуирано да ја проширува својата мрежа на партнери и соработници со цел заедничка акција кон постигнувањето на целите во областите на делување. Со цел заедничко делување во областа на одржливиот развој (со фокус на заштитата на животната средина, аерозагадувањето, енергетската ефикасност и климатските промени), ЦеПроСАРД соработуваше со општините Карпош, Шуто Оризари и Бутел, за инфраструктурни проекти, со општината Ѓорче Петров, Сопиште и Босилеград од Р. Србија.

# 9. ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА

Секторот за финансии администрација на ЦеПроСАРД се состои од 2 одделенија: одделение за финансиско управување и одделение за административни работи и човечки ресурси.

## 9.1 АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Одделението за административни работи и човечки ресурси во текот на 2019 година компетентно и со сопствени ресурси ги реализираше трите основни фуккции:

а) ги вршеше административните работи и архивското и канцелариско работење,

б) ги следеше јавните набавки и

в) го развиваше и одржуваше информатичкиот систем.

Дополнително во текот на 2019 година во здружението во секторот Енергија и клима, вработена е м-р Ивана Топаловска Јовичиќ, дипломиран архитект инженер.

## 9.2 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ

Одделението за финансиски работи продолжи да работи во ист состав како и во предходните години. Одделот освен што го подготвува и следи годишниот буџетот на Здружението, учествува и во подготовка на проектни апликации како и во изработка на буџети во рамки на проектните апликации.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА ВО 2019 ГОДИНА

| ОПИС | 2019 |
|---|---|
| **АКТИВА (СРЕДСТВА)** | |
| АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА | *698.754* |
| нематеријални | -- |
| материјални | 698.754 |
| – опрема | 698.754 |
| ВКУПНИ ПОСТОЈАНИ  СРЕДСТВА | 698.754 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И АКТИВНИ ПРЕРСМЕТКОВНИ СМЕТКИ | *4.696.856* |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА | 2.054.516 |
| – жиро сметка | 1.453.707 |
| – благајна | -- |
| – девизна сметка | 600.809 |
| КУПУВАЧИ | 1.012.060 |
| ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 2.000 |
| АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 302.750 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **4.070.080** |
| **ПАСИВА (ОБВРСКИ И КАПИТАЛ)** | |
| ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 492.166 |
| – деловен фонд | 492.166 |
| – ревалоризациона резерва | 206.587 |
| ВКУПНИ ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 751.758 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 1.827.430 |
| – добавувачи | 302.750 |
| – обврски кон државата | 151.486 |
| – краткорочни финансиски обврски | 1.373.194 |
| – други краткорочни обврски | -- |
| – обврски за плати | -- |
| ВКУПНИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 1.827.430 |
| ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 1.543.897 |
| – дел од вишокот од приходите пренесени во наредната година | 531.837 |
| – други пасивни временски разграничувања | 1.012.060 |
| ВКУПНО ПАСИВНИ ВРЕМ. РАЗГРАНИЧУВАЊА | 1.543.897 |
| РЕЗЕРВЕН ФОНД | -- |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **4.070.080** |

**БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ВО 2019 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | ИЗНОС |
|---|---|
| ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ | 2.151.586 |
| ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ, ЧЛЕНАРИНИ И ДР. ИЗВОРИ | 7.527.361 |
| ДРУГИ ПРИХОДИ | -- |
| ВИШОК ПРИХОДИ ОД ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА | 2.303.056 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **11.982.003** |
| **РАСХОДИ** | |
| МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 5.429.891 |
| ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ | 4.778.608 |
| ДРУГИ РАСХОДИ | 1.123.890 |
| СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА | 106.261 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **11.438.650** |
| **РАЗЛИКА МЕЃУ ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ** | **543.353** |
| **В К У П Н О** | **11.982.003** |




СТРУКТУРА НА РАСХОДИ
1%
10%
47%
42%
МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ
ДРУГИ РАСХОДИ
СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА